статии и прилози

УДК. 325. 25 (82 : = 866)

Михајло МИНОСКИ

ПРИЛОГ КОН ПРАШАЊЕТО ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕТО И ПОЛИТИЧКАТА ДЕЈНОСТ НА МАКЕДОНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ ВО АРГЕНТИНА ДО 1932 ГОДИНА

Иселувањето на Македонци во прекуокеанските земји, во Северна и Јужна Америка, посебно во Аргентина, започнало во последните децении на XIX век[1]. Поинтензивно тоа се вршело во втората половина на деведесеттите години на истиот и во почетокот на XX век. Иселувањето било од економски но, пред сè, од политички причини, како последица на крајно тешката положба на поробениот македонски народ во Османлиската држава. Зголемувањето на експлоатација и засилувањето на притисокот на господаречката класа и репресиите на органите на државниот апарат, посебно во врска со бројните политички афери (провалите во македонската Револуционерна организација) што зачестиле во периодот по 1895 година[2], присилиле маса Македонци да тргнат, против својата волја, на патот на иселувањето[3].

Интересот за Аргентина се зголемил токму во тоа време. Имено, во последната деценија на XIX и во почетокот на XX век Аргентина бележела забрзан стопански развиток. Се развивала индустријата и трговијата, а тоа довело до забрзување на процесот на премин на интензивно пазарно ориентирано земјоделско производство и вклучување на аргентинското село во пазарното стопанство. За поврзување на пространиот пазар на големата земја се пристапило кон интензивна градба на железничка мрежа[4]. Во такви услови на општ економски подем се зголемила потребата од евтина работна сила. Интересот на Аргентина бил свртен кон доселеници од европските земји. Меѓу до-

---

[1] Горчо Петров, Емигрантското движение за Америка в Македония,– Културно Единство, Солунь, 1908/I, кн. 7–8, с. 3

[2] Клисуров, Очерки вярху историята на македонското освободително движение (Социал-економически подготовки за създаването на Македонската революционна организация). – Македонско Дело, Wien, 1931/VII, бр. 147, с. 8

[3] Истото.

[4] Стопанскиот подем на земјата наметнал потреба од интензивна градба на железничка мрежа. Градбата на железниците се вршела главно, со странски капитал: британски и француски. Британскиот капитал имал доминантни позиции. Неговото учество достигнало 80% од вкупните инвестиции.

селениците од Европа сè побројни биле доселениците Македонци. Тоа било посебно карактеристично за периодот по Илинденското востание, Балканската и Првата светска војна.

Од повеќето земји на емиграцијата во Јужна Америка[5], Аргентина била една од најзаинтересираните за привлекување на доселеници од Европа[6]. Повеќе парабродски друштва го форсирале иселувањето во Јужна Америка, посебно во Аргентина[7].

Во првата фаза, во време на економскиот подем во Аргентина, доселениците како ефтина работна сила биле ангажирани како физички работници на градба на железниците и во индустријата. Во втората фаза, кога дошло до стагнација и индустриска криза, Аргентина го форсирала земјоделството. Затоа повеќе била заинтересирана за земјоделска работна сила и „со најразлични формалности во личните исправи на доселениците"[8], го ограничувала приливот на индустриски работници.

Македонските доселеници претпочитале да работат во индустријата поради повисоките надници. Нивниот број во Аргентина особено се зголемил по неуспехот на Илинденското востание, кога започнало масовно иселување од Македонија. Само од Битолскиот вилает, за нецели 3 години, до летото 1906 година, се иселиле најмалку 25 000 луѓе[9], главно во прекуокеанските земји. Од нив 3/4 се иселиле во Северна, а 1/4 во Јужна Америка, од кои повеќето во Аргентина. Интересот за иселување во Северна Америка бил поголем бидејќи таму надниците биле по поголеми од тие во Јужна Америка[10].

Обезбедувањето на ефтина работна сила во земјите на емиграцијата претставувало многу доходовна дејност. Многубројни агенции и парабродски друштва развиле широка пропагандна дејнсот. Повеќето од нив имале свои агенти во балканските земји. Парабродската агенција на Илија Хр. Диндов, со седиште во Белград, врбувала иселеници за Северна и Јужна Америка, посебно за Аргентина. Агенцијата обезбедувала билети директно од Белград до Буенос Аирес[11].

Користејќи се со трагичната положба на македонскиот народ по Илинденското востание, повеќе од споменатите парабродски друштва и агенции својата дејност ја пренесле и во самата Македонија. Само во Битола во 1906 година, делувале „не помалку од осум трансатлантски бродски агенции"[12]. Такви агенции, односно филијали, имало и во Солун и Скопје[13], со мрежа на агенти во внатрешноста.

---

[5] Покрај Аргентина земји на имиграцијата уште биле: Бразил, Чиле и Перу.

[6] Љубомир Косијер, д-р Војо Маринковић, Срби, Хрвати и Словенци у Америци (Економско социјални проблеми емиграције), Београд, 1926, с. 461-462.

[7] Истото, с. 464.

[8] Истото.

[9] Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906, Т.I, Скопје, 1977, с. 159.

[10] Д-р. Табаковъ. Емиграциониятъ въпросъ. Приносъ към, българското емиграционно дело, Цариградъ, 1911, с. 138.

[11] Вечерна Поща, София, 20 декемврии 1907 (АМ-М.777/ред. 9–907).

[12] Австриски документи..,I(1905–1906). Док. 107/11.07.1911, с. 159.

[12a] Истото, док. 125/30.XI.1906 – Солун.

[13] Истото, док. 107/11.07.1906 – Битола.

Поголемиот дел од иселениците, поради бедната материјална положба, не располагале со потребните сретства за патните трошоци. Агенциите трошоците им ги плаќале[14] врз основа на залог на вредносен имот како гаранција, секогаш со голема камата[15].

Иселувањето од Македонија добило толку големи размери, така што се одразило на состојбата „во сите гранки на стопанскиот живот“[16]. Тоа ја присилило централната власт на Османлиската држава да интервенира за да се запре разорувачкото дејство на иселувањето. Со посебен акт се забранувало земањето во залог на имоти, стока и земјиште како гаранција за позајмениот патен трошок на иселениците, како и активноста на агенциите за иселувањето[17]. И покрај тоа, процесот на иселувањет продолжил до крајот на постоењето на власта на Османлиската држава во Македонија, а и потоа, посебно како последица на огромните разурнувања, пустошења и прогони на новите освојувачи на македонската земја во времето на Балканските и Првата светска војна.

Иселувањето во Аргентина, и општо во Јужна Америка, се зголемило во првите години по Првата светска војна, во прв ред поради рестриктивната политика на Соединетите Американски Држави. Тогаш драстично биле намалени квотите за доселување од европските земји, при што посебно биле погодени балканските земји. Затоа иселеничката струја се упатила во два правци: кон Канада, во Северна Америка, и во Јужна Америка, во неколку држави: Аргентина, Чиле, Бразил и Перу[18]. Не бил мал бројот на Македонците иселеници кои упатувајќи се во споменатите правци сметале дека оттаму полесно ќе можат подоцна да се прфрлат во САД.

Бројот на Македонците-иселеници во Аргентина, во предметниот период не е познат. За тоа нема сигурни податоци[19].

Најтешкиот проблем за секој доселеник во Аргентина, како впречем и во сите други земји на емиграцијата, бил да најде работа поради силната конкуренција на работна сила создадена со големиот прилив на доселеници. Од истите причини надниците биле многу ниски, а условите за работа и живеење крајно тешки. Не била ретка појавата поголема група на работници-доселеници да биде испратен во многу оддалечени краеви од поголемите центри каде луѓето оставени без никаква заштита, „биле подложени на најсурова експлоатација и принуда. Во такви услови по повеќемесечна „робска работа“ на работниците одвај им останувале сретства потребни да се вратат во местата од каде биле испраќани. Имало случаи работодавачот да не ги исплаќа и ги препуштал на судбината[20]. При тоа некои од нив

---

[14] Истото, док. 125/30.07.1906.

[15] Истото, док. 125/30.XI.1906.

[16] Архив на Македонија (понатаму АМ) М.П ППО, ф.5, 310, 1907 Краљевски српски генерални конзулат у Скопљу, ПП бр. 1433/28.XII.1907. Живојин Балугџиќ до Никола Пашиќ (АМ. М. 785).

[17] Истото.

[18] Љ. Косијер – В. Мариковић, Срби, Хрвати и Словенци.., с. 461.

[19] Според еден податок соопштен од Табаков, кој се повикува на пишување на „Летоустрой“ за 1909, во Аргентина имало 20 000 Бугари (од Бугарија и Турција),Табаковъ, Емиграткиятъ въпросъ.., с. 118. Во тој број секако има и Македонци сврстени под името Бугари од Турција.

[20] Д-р. С. Табаковъ, Емиграниятъ вяпросъ.., с. 143.

и „буквално умирале од глад“[21]. Тоа се потврдува од едно писмо на бугарски иселеник во Аргентина кој пишувал од името на бугарски и македонски иселеници. Писмото носи датум 13 март 1911 година во Буенос Аирес[22], а било испратено за објавување во бугарскиот печат[23]. Се наведуваат случаи доселениците да се упатуваат во внатрешноста, а таму да не најдат работа. Останати без пари, со денови тие „патувале гладни и жедни по пустите аргентински полиња“[24].

Повеќето од иселениците, неможејќи да се снајдат во новата средина, биле готови да се вратат. Без средства за враќање, за елементарна егзистенција, прифаќале да вршат и најтешки работи за најниски надници. Во споменатото писмо на Димитар Георгиев од Буенос Аирес се предупредувале „браќата: Бугари и Македонци“ да не се лажат за доаѓање во Америка бидејќи тоа ќе значело „упропастување на сопствениот живот“[24]. Да не веруваат во ветувањата на „агентите експлоататори“ (на многубројните посреднички агенции - ММ)“[25].

Во Аргентина македонските доселеници пристигнувале преку пристаништето на Буенос Аирес, влезна врата на таа земја. Тие што не можеле да најдат работа во Буенос Аирес се упатувале во внатрешноста, најчесто на градба на железници. Работеле под многу тешки услови: целодневна работа, ниски надници, лоша исхрана и сместување[26]. Македонските работници поради тоа организирано се вклучувале во активностите и учествувале во прекините на работата и штрајковите за подобрување на условите и за зголемување на надниците. Некои од нив се јавувале и како организатори. Во 1907 година Македонецот Никола Казанциев организирал штрајк на работниците на градба на железничката линија во близината на провинциското градче Хварес[27], градена од британска компанија. Поради тоа Казанциев бил истеран од работа. Се вработил на градба на железничката линија во близина на градчето Маркос-Пас, западно од Буенос Аирес, градена од француска компанија[28]. Набргу потоа и тука се зафатил со организирање на работниците. Поради тоа одново бил отстранет од работа.

Работата на градба на железници била од времен карактер. Македонците-доселеници настојувале да најдат постојана работа, што во почетокот било многу тешко. Затоа заминувале, во помали групи, во провинциските места. Во внатрешноста на земјата, во нова непозната средина, тешко се снајдувале и опстојувале изолирани и неорганизирани[29]. Нивна основна мисла и стремеж биле да се вратат во

---

[21] Истото, 210.

[22] Истото.

[23] Го објавил весникот „Вечерна Поща“ – София.

[24] Д-р. С. Табаковъ, Емигрантскятъ въпросъ.., с. 210

[25] Истото.

[26] Деса Спасовска, Учеството на Никола Казанциев во Илинденското востание и аргентинското револуционерно комунистичко движење. – Прилози за Илинден, III, Скопје, 1983, с. 605.

[27] Истото.

[28] Истото.

[29] Левин, За културния напредък на българската емиграция. С какви организации располага емиграцията. – Народна трибина, София, 1937/II, бр. 27, с. 2.

поголемите индустриски центри, во прв ред во Буенос Аирес, каде што се групирале.

Во тоа време, во првите години на XX век, во Аргентина биле формирани првите организации на странските работници за заштита на своите интереси. Во 1906 година била формирана Генерална конфедерација на трудот[30]. Според тоа странските работници се организирале врз чисто социјална основа.

И Македонците, по примерот на странските работници, започнале со самоорганизирање. Набргу формирале „некои свои организации"[31]. Со оглед на структурата на македонските доселеници - работници-надничари, реално е да се очекува дека се работело за организации или друштва за взаемна помош. Меѓутоа, од зучуваната достапна документација и други сведенија за првите организации, се потврдува дека се работело за политичко национално организирање. Тоа е сосема разбирливо кога ќе се има предвид дека поголемиот дел од Македонците во Аргентина пристигнале по Илинденското востание, и активно учествувале во ослободителните борби на својот народ. Основната цел на нивното политичко организирање била да се помага ослободителното дело во Македонија.

Во 1907 година[32] во Буенос Аирес било формирано Македонско-одринско братство[33]. Зачуван е неговиот устав од кој може да се заклучи дека станувало збор за македонско национално-политичко друштво формирано со цел „да ги помага политичките затвореници и револуционерното дело во Македонија и Одринско"[34], како основна национално политичка задача. Тоа се потенцирало и со самото име „братство".

Македонското иселеничко братство во Буенос Аирес немало своја социјална програма. Тоа се исцрпува со една реченица ставена во забелешка на членот 1 дека Братството „на членовите ќе им помага во случај на несреќа"[35]. Според тоа помагањето на Братството било дејност од второстепено значење. Но, и како таква се ограничувала само на случаите на несреќа, а не и при останувањето на членовите без работа од најразлични причини.

Член на братството можел да стане секој кој го симпатизирал македонското дело, „без разлика на вера и народност" и ќе работел согласно со Уставот[36]. Членот на Братството се здобивал со право

---

[30] Д. Спасовска, Учеството на Никола Казанџиев.., с. 605.

[31] Левин, Културния напредък на., с. 2.

[32] Во Буенос Аирес постоело Македонско-одринско братство. Тоа се потврдува со објавениот во истата година негов устав (Устав на Македонско-одринското братство въ Буенос Аирес, Дреново, 1907). Види и Никола Поповски, Нека фактите говорят. Изложение за деиноста на нечистата рака против македонското прогресивно движение в Аржентина. Причини за появата и спирането на вестникъ „Балкански Глас". Отговор на моите клеветници, Буенос Аирес, 1946, с. 7.

[33] Никола Поповски, пишувајќи за дејноста на македонското прогресивно движење во Аргентина, споменува за постоење на тоа Друштво, кога пишува: „Патем да кажеме дека во 1907-8 година во Буенос Аирес постоело „Македонско-Одринско братство... Меѓутоа, не знам кои биле основачите на Македонско-Одринското братство бидејќи не е зачувана никаква архива" (Н. Поповски, Нека фактите говорят .., с. 71).

[34] Устав на Македонско-одринското братство во Буенос Аирес, чл. 1.

[35] Истото.

[36] Истото, чл. 2.

да бира и да биде биран во органите и телата по шестмесечно редовно членство[37]. Во текот на шестмесечниот период членот на Братството ја покажувал и докажувал својата приврзаност кон македонското револуционерноослободително дело, како и целосното почитување на Уставот и другите акти и одлуки, со активниот однос спрема обврските што произлегувале од членувањето. Високи барања и одговорност се поставувале за членовите на органите и телата, посебно за членовите на Управата. За членот што не ќе учествувал на три собранија или не се придржувал на одредбите на Уставот, Управата на Братството била обврзана да свика вонредно собрание за негово сменување или исклучување[38]. Посебно е за одбележување дека Управата внимателно ја следела активноста и односот на членовите и на сите Македонци-доселеници спрема дејноста и акциите на Братството. За тоа водела белешки, односно некој вид лични досиеа. Врз основа на нив Управата, согласно со членот 13 од Уставот, кога ќе најдела за потребно, можела да испраќа мислење за секој Македонец, член или не, до Централниот комитет на Македонско-Одринската револуционерна организација во земјата[39]. Според тоа односот спрема дејноста на Братството го определувал и неговиот однос спрема националноослободителното движење и ослободителното дело во татковината.

Уставна обврска на Братството била третина од членските уплати да ги испраќа на Централниот комитет на Револуционерната организација[40] во татковината. За материјално помагање на политичките затвореници во Македонија се предвидувало помошта да им се испраќа директно во затворите[41].

Според одредбите од Уставот, Братството било организирано да дејствува како филијала на Револуционерната организација, при што токму Братството во Буенос Аирес се јавувало како централно братство. Со членот 8, меѓу другото, била утврдена обврска Управата на секои 6 месеци да дава отчет за бројот на братствата во Аргентина[42]. Затоа како првостепена програмска задача било поставено организационото опфаќање на сите Македонци во Аргентина со основање на братства[43] во сите центри каде тие биле групирани[44]. Дека Братството својата дејност ја програмирало согласно со потребите и барањата на македонското националноослободително движење се потврдува и со одредбата од членот 14 од Уставот, со која се предвидувало, во случај на прекинувањето на дејноста, целата архива и сите средства да се предадат на Централниот комитет на Револуционерната организација во Македонија или на нејзиното претставништво во Софија[45].

---

[37] Истото, чл. 4.

[38] Истото, чл. 9.

[39] „До Македонско-Одринскиот Централен Комитет“ (Чл. 13).

[40] Устав на МОБ., чл. 15.

[41] Истото, чл. 16.

[42] Истото, чл. 8.

[43] Истото.

[44] Засега не е позната зачувана документацијата ниту други податоци за организирани македонски братства во другите центри во Аргентина, освен во Буенос Аирес.

[45] Уставот на МОБ.., чл. 14.

Според Уставот, со Дејноста на Братството раководела Управа составена од: Претседател, потпредседател, касиер, секретар и советници[47]. Управата се избирала на Собранието на членовите, со право да бираат и да бидат избирани. Работата на Управата и состојбата на финансиите ги контролирал посебен орган – Контролна комисија[48]. Контролната комисија ја бирало Собранието[49].

Собранието го донесувало Уставот и другите акти, избирало Управа и Контролна комисија како свои извршни тела. Било свикувано на: општи, отчетни и вонредни собирања. Одржувањето на општите собранија не било лимитирано со Уставот. Отчетните собранија се свикувале на шест месеци. На тие собранија Управата поднесувала извештај за работата, за состојбата на финансиите и за бројот на братствата[50].

Собранието можело да работи и да одлучува со просто мнозинство, односно ако на истото присуствувале повеќе од половината од членовите[51].

Вонредно свикување на Собранието се предвидувало на барање од 3/4 од членството[52]. Собранието го свикувал претседателот[53]. При свикувањето на општо собрание се предвидувало претходна седница на Управата што била должна да го утврди дневниот ред[54].

Претседателот го претставувал Братството, го свикуал собранието, водел агитација[55], раководел со дејноста и ги потпишувал документите[56].

За водењето на администрацијата на Братството бил задолжен секретарот[57], а за финансиите и собирањето на членските влогови бил одговорен благајникот[58]. Во врска со финансиите е карактеристично дека со Уставот бил одреден благајнички максимум за кој бил задолжен благајникот. За останатите сретства се предвидувало Претседателот да ги внесува во некоја од паричните институции односно во некоја кредитна установа"[59].

Изборот во органите и телата значел чест но и одговорност. Се барало одговорно извршување на должностите. Пред истекот на

---

[46] Во чл. 5 на Уставот кој се однесува на управата не е наведено постоење на функција потпретседател, што најверојатно е пропуштено при печатењето. Тоа се гледа во следниот чл. 6 каде се регулирани надлежностите на потпреседателот.

[47] Бројот на советниците во Уставот не е определен.

[48] Уставот на МОБ, чл. 5 и чл. 6, одредба Д.

[49] Истото, чл. 5.

[50] Истото, чл. 8.

[51] Истото, чл. 11.

[52] Истото, чл. 4 (во забелшка).

[53] Истото, чл. 6, ст.1, одр. 2.

[54] Истото, чл. 8.

[55] Истото, чл. 6, ст.1.

[56] Устав на МОБ., чл. 7, ст. 2.

[57] Истото чл. 6, г.

[58] Истото, чл. 6, в и чл. 17.

[59] Истото, чл. 17.

мандатот не се прифаќала оставка, освен поради „посебно оправдани причини“[60].

Прв претседател на Братството бил Никола Казанџиев[61].

За натамошната дејност на Братстовото во Буенос Аирес и дали биле формирани македонски братства во други центри во Аргентина, како што тоа било предвидено со Уставот, ништо повеќе не е познато. За тоа не располагаме со друга документација. Според некои документарно непоткрепени но прифатливи искажувања и македонското Братство во Буенос Аирес било активно и во 1908 година[62].

Во 1909 година се споменува постоење на ново македонско друштво „Гоце Делчев“[63]. Ако од Македонско-одринското братство го имаме зачувано Уставот, за македонското друштво „Гоце Делчев“, исто така од Буенос Аирес, не е познато дека постои било каков документ. За неговото постоење се знае од искажувања на македонски иселеници во Аргентина[64]. Друштвото „Гоце Делчев“ имало за цел добротворна, помагачка, а не и политичка дејност[65]. Во тоа време се појавиле и дејствувале и други македонски иселенички организации. Состојбата во национално ослободителното движење во Македонија, поларизацијата во неговите редови, се реперкуирале и меѓу иселеништвото во Аргентина. Во 1909 година во Буенос бил формиран Бугарско-Македонски емигрантски кружок[66]. Кружокот си поставил за цел да развива културно-просветна дејност. Во Кружокот во почетокот членувале прогресивно ориентирани иселеници. Подоцна во Кружокот се инфилтрирале „реакционерни елементи“[67], што набргу потоа било причина за неединство и за замирање на дејноста.

Македонските доселеници во Аргентина, главно работници, како и работниците доселеници од другите земји, биле најексплоатираниот дел. Активно учествувале во организираните акции на аргентинското работништво, посебно на првомајските работнички демострации[68]. Во нивните редови имало лица со најразлични идејни определби, меѓу кои и анархисти, кои решавањето на социјалните неправди го гледале преку атентати. Така, поради крвавата пресметка на полицијата на главниот град со работниците на првомајските демострации, кога биле убиени 8 работници, младиот работник, Македонецот Симеон Радовишки, по четири месеци од настанот извршил атентат на шефот на полицијата на Буенос Аирес[69].

---

[60] Истото, чл. 10.

[61] Музеи на Македонија (ММ), фонд: Никола Казанџиев. Спомени од Аргентина; Д. Спасовска, Учеството на Никола Казанџиев.., с. 606.

[62] Никола Поповски, Нека фактите говораат., с. 71.

[63] Истото.

[64] Поповски во свое време се обидел да собере поодредени податоци од иселениците современици. Во врска со тоа, меѓу другото, пишува: „Ги прашував некои од старите овдешни (во Аргентина ММ) емигранти: Нено Стојчев и Никола Казанџиев за гореспоменатите македонски друштва да ми дадат некои податоци за основачите и целите што ги имале. Но и двајцата не си спомнуваат кои лица биле во раководните тела“ (Н. Поповски, Нека фактите говораат .., с. 71).

[65] Истото.

[66] Д. Спасовска, Учеството на Никола Казанџиев.., с. 606.

[67] Истото.

[68] Истото, с. 607.

[69] Истото.

Во почетокот на 20-те година започнала нова фаза во организирањето на македонското иселништво во Аргентина. Но, во исто време, тоа бил период кога започнувало поактивно да дејствува и бугарското иселништво. Материјално подобро обезбедено, тоа настојувало да се наметне и на дел од македонското иселништво. Во 1922 година се појавил бугарскиот весник „В'зраждане" („Преродба")[70].

Во тоа време левооријентираните македонски доселеници ѝ пристапиле на аргентинската Комунистичка партија. Најистакнатата личност, докажан активист и организатор на работништвото, Никола Казанџиев, во 1923 година, на Вториот конгрес, бил избран за член на Централниот комитет на Комунистичката партија на Аргентина[71]. Во 1924 година членовите на партијата се организирале во посебна група, заедно со бугарските членови, под име Македонско-бугарска група при КП на Аргентина[72]. Групата со руската комунистичка група издавала заедничко гласило, весник „Комунистичко слово"[73] што излегувал во Буенос Аирес[74]. Во 1925 година на новиот конгрес на КПА Групата делегирала свој претставник. За учество на Конгресот бил делегиран Никола Казанџиев, кој притоа бил избран и за член на Централниот комитет на Партијата. Истиот, на парламентарните избори во 1928 година, од Групата бил кандидиран на листата на КПА за пратеник во парламентот на главниот град-Буенос Аирес[75]. Според тоа Македонците, членови на КПА, пројавиле забележителна активност. Се наметнале како чесни и бескомпромисни борци за почитување на елементарните човекови права и за социјална правда. Како таков, Казанџиев бил афирмирана личност во политичкиот живот на главниот град на Аргентина и општо во земјата.

Во тоа време, во последните неколку години на втората деценија, се појавиле, организирано дејствувале и посебни работнички организации на македонското иселништво во Аргентина. Во повеќе центри биле формирани бугарско-македонски работнички клубови што имале за цел да дејствуваат на културно-просветно издигнување на организираните работници од редот на македонското и бугарското иселништво. Клубовите станале средишта за собирање и „културен фактор во животот на емиграцијата"[76]. Прв таков клуб бил формиран во Буенос Аирес во 1928 година[77]. Еден од иницијаторите за организирање и основање на работничкиот и просветен клуб во Буенос Аи-

---

[70] Во 1923 или 1924 година било формирано бугарското национално друштво „Христо Ботев" што било и регистрирано кај надлежните власти. (Левин, За културниот напредок .., с. 2). Не е исклучено во него да биле заврбувани и некои членови од редот на Македонците од доселениците од Бугарија. За кусо време Друштвото се распаднало.

[71] Д. Спасовска, Учествотона Никола Казанциев.., с. 611.

[72] ММ ф.: Никола Казанциев, Спомени од Аргентина.., с. 122.

[73] Истото.

[74] Весникот се печател на руски и бугарски јазик.

[75] ММ ф.: Никола Казанциев, Спомени од Аргентина.., с. 23.

[76] Левин, За културниот напредок .., с. 2.

[77] Христо Гоневски, Българският периодичен печат в Аржентина. – Български журналист, 1975, бр. 10, с. 38.

рес[78] бил Славе Мишков[79] од Скопје. Во Аргентина пристигнал во 1927 година[80] и веднаш се вклучил во редовите на организираното македонско иселништво. Членувал во повеќе иселенички организации[81].

За поефикасно дејствување и интензивирање на активностите БМРП Клуб во Буенос Аирес, во средината на 1903 година, започнал со издавање на свои гласила. Биле издадени, на циклостил, првите броеви „Билтен" и „Црвено знаме"[82].

Клубот во своите редови вклучувал иселеничко членство со различни идејни определби и интереси што биле израз на различната национална припадност, но и на социјалниот состав на националните групи. Во врска со второто е карактеристично дека во првите години по доселувањето најголемиот дел од иселениците биле неквалификувани наемни работници-надничари. Со текот на времето, еден дел успеал да се издигне во својата материјална положба. Тој ситносопственички слој: ситни трговци и сопственици на занаетчиски и други мали фирми во услужните дејности, имал свои сопствени посебни интереси. Тоа имало решавачко влијание на состојбите во организирањето и единството во редовите на иселеничките организации, клубовите и друштвата, и воопшто и во бугарско-македонските културно просветни клубови посебно. Започнатиот процес на поларизација врз двете основи: национална и социјална, се продлабочил и сè позабрзано се одвивал. Тенденциите за самостојно и независно организирање на македонското иселништво во Аргентина сè позабележливо се манифестирале. Наспроти тоа, големобугарски настроените бугарски иселници настојувале да се наменат како водечки фактор. Но, тие немале ниту сили ниту средства за постигнување на своите цели без подршка од бугарската држава. До почетокот на 30-те години интересот на бугарската држава пак, бил свртен кон иселништвото во САД кое, поради бројноста и економската сила, добило приоритет. Поради релативната малубројност на македонското, но и на бугарското иселништво во Аргентина и воопшто во Јужна Америка, бугарската држава не покажувала понагласен интерес. Меѓутоа, од почетокот на 30-те години работите битно се измениле. Кон крајот на 1930 година во Аргентина, во Буенос Аирес, бил отворен бугарски Генерален конзулат[83]. Со тоа бил означен и почетокот на засиленото дејствување и на притисоци на бугарската државна пропаганда врз македонското иселништво во Аргентина. Конзулот презел вистинска „офанзива за придобивање на бугарското (и на македонското-ММ) иселништво на своја страна, за негово фашизирање"[84] односно за иселништвото да

---

[78] Другарска жалейка. – Македонски Глас, Буенос Аирес, 1936/I, бр. 7, с. 3.

[79] Славе Мишков роден во Скопје. Во време на Балканските војни емигрирал во Бугарија каде активно учествувал во синдикалното и работничкото движење. Бил член на синдикатот на дрводелските работници. Оттаму дошол во Аргентина. (Македонски глас – Буенос Аирес, 1936/I,7 с. 3).

[80] Македонски Глас, Бунеос Аирес, 1936/I, 7, с. 3.

[81] Истото.

[82] „Бълетин" и „Червено знаме" (Хр. Гоневски, Българският периодичен печат .., с. 38).

[83] Левин, За културният напредък .., с. 2

[84] Хр. Гоневски, Българският периодичен печат .., с. 38.

го стави во служба на бугарската големодржавна политика. За поефикасно дејствување, Конзулатот го финансира издавањето на весникот „Бугарска мисла“ („Българска мисъл“) што излегувал во Буенос Аирес од април 1931 година[85]. Весникот, не случајно, од вториот број излегувал со подзаглавие: „Независен литературен седмичник“, а од десеттиот број „Независен седмичник“[86]. Од доверливи елементи од редот на бугарското иселништво Конзулатот формирал бугарско политичко друштво „Преродба“[87]. Друштвото било активно во текот на 1931 и 1932 година. Ставено исцело во служба на бугарскиот конзулат кој вршел силен притисок врз иселеничките организации и друштва, но сепак, друштвото имало сосема ограничено влијание. Отпорот на членството спрема активностите и акциите на раководството на Друштвото поддржувано од бугарскиот конзулат, се изразувал во напуштање на истото. За кусо време Друштвото го напуштило поголем дел од членството и се очекувало негово целосно распаѓање. Раководството се нашло во положба на „генерали без армија“[88]. За да се зачува, во последен момент било сменето името во „Друштво за взаемна помош“. Но, ни со тоа не можело да се спаси. Набргу згаснало. Поголемиот дел од членството пристапило на Бугарско-Македонските просветни клубови[89].

Во септември 1930 година во Аргентина бил извршен воен државен удар. Била соборена радикалната влада[90], и власта ја презел генералот Уригура кој завел военo-фашистичка диктатура[91]. Дејноста на сите прогресивни политички партии и организации била забранета. На удар се нашле и иселеничките организации и друштва. Прогоните и апсењата станале редовна појава. Биле апсени и членови на иселеничките организации и друштва. Во мај 1931 година биле уапсени десетина активисти на Бугарско-Македонските клубови[92].

Со воведувањето на военo-фашистичката диктатура во земјата, уште повеќе се влошиле условите за организирана дејност на македонското иселеништво. И во отежнатите услови, и покрај сите притисоци на властите, продолжувала дејноста на клубовите, во повеќе центри на Аргентина. Во август 1931 година бил формиран Сојуз на Бугарско-Македонските просветни клубови[93]. Сојузот подготвувал издавање на свое гласило. Во февруари 1932 година се појавил првиот број на органот на Сојузот „Билтен“ („Блетин“), што излегувал еднаш месечно на осум страници[94].

---

[85] В-к „Българска мисъл“. Редакција на Ив. Спирков. Првиот број излегол на 26 април 1931 година (Българският периодичен печат 1844-1944, Т.I, София, 19, с. 123.

[86] Българският периодичен печат, I, с. 123.

[87] Левин, За културният напредък.., с. 2; Хр. Гоневски, Българският периодичен печат.., с. 38.

[88] Левин, За културният напредък.., с. 3; Хр. Гоневски, Българският периодичен печат.., с. 38.

[89] Истото.

[90] На Иполито Иригожен.

[91] Д. Спасовска, Учеството на Никола Казанциев.., с. 611.

[92] Хр. Гоневски, Българският периодичен печат .., с. 38.

[93] Истото.

[94] Истото. Весникот излегувал до март 1936 година.

Во почетокот на 1933 година Сојузот го изменил името на гласилото во „Бугарско-Македонски емигрант“[95]. Весникот излегувал два пати месечно на 12 страници во тираж од 1200 броеви[96]. Освен во Аргентина весикот се ширел и меѓу иселениците во Уругвај[97]. Со интензивирањето на дејноста на Сојузот се зголемил и бројот на клубовите. Покрај основната просветна дејност клубовите дејствувале во заштита на интересите на иселениците. Посебно во условите на силен притисок на бугарското дипломатско претставништво кое, како истурена легална агентура на фашистичкиот режим во Бугарија, со најразлични сретства, со заплашување и прогони на повидните прогресивни личности, настојувало да го спречи самостојното независно организирање на иселеништвото, за да го држи под контрола и да го стави во служба на бугарската државна политика. Со најразлични методи се изнудувале сретства од иселениците кои и буквално биле ограбувани од бугарскиот конзул[98]. Поради тоа во клубовите биле преземени мерки и активности за „разобличување на зулумите на (бугарскиот-ММ) конзул“[99].

Во пресметката со членовите, и посебно со активистите на клубовите, бугарското дипломатско претставништво се служело со услугите на аргентинската полиција. Им доставувале имиња на прогонуваните лица со барање за нивно протерување од Аргентина[100].

Колку бил посилен притисокот толку повеќе растел отпорот, не само кај македонското, туку и кај добар дел од бугарското иселеништво кое не ја прифаќало фашистичката идеологија, наметнувана преку друштвото „Преродба“ и весникот „Бугарска мисла“[101]. Тоа уште повеќе придонесувало за натамошно влошување на, и без тоа, тешката социјална и општа положба на иселеништвото во тогашното аргентинско општество.

Во клубовите па и во самиот Сојуз станало акутно прашањето за поефикасно спротивставување на притисоците и опасното влијание на бугарскиот „фашистички конзул“[102] во Буено Аирес со далекусежни последици. Во расправите по тоа прашање бил заземен став дека тоа можело да се постигне со систематска разобличувачка јавна пропагандна дејност во врска со активностите и акциите на дипломатското претставништво и за запознавање на иселеништвото и на општото јавно мисење со „сверствата на фашистичкиот режим во Бугарија“[103]. Тоа дошло до израз веќе во првиот број на органот на Сојузот „Билтен“ што излегол во месец февруари 1932 година. Меѓутоа, издаван еднаш месечно на циклостил, истиот не можел да одговори на потребите за остварување на поставените цели: да ги изразува интересите

---

[95] Истото.

[96] Истото.

[97] Истото.

[98] Како што пишува Хр. Гоневски (современик): „ја скубел емиграцијата“ (Хр. Гоневски, Българският периодичен печат .., с. 39).

[99] Хр. Гоневски, Българският периодичен печат.., с. 39.

[100] Истото.

[101] Истото.

[102] Истото.

[103] Истото, с. 39.

на двата дела од иселништвото – бугарското и македонското, и да претставува ефикасно средство за парирање на фашистичката и големобугарската пропаганда на бугарскиот режим спроведувана преку дипломатското претставништво во Буенос Аирес. Затоа, од почетокот на 1933 година, Сојузот започнал да го издава весникот „Бугарско-Македонски емигрант“[104], продолжение на „Билтен“, што излегувал два пати месечно на 12 страници[105]. Бугарското иселништво настојувало и натаму во Сојузот да ја зачува водечката позиција. Раководството на Сојузот сè повидливо работело на интегрирање на македонското иселништво во организацијата на БМР Клубови врз бугарска национална основа.

Натамошното организирање во Бугарско-Македонските културно-просветни клубови и во Сојузот на клубовите, поради тоа, не можело да ги задоволи потребите за изразување и обезбедување на сопствените посебни интереси на македонското иселништво. Поголемиот дел од македонските иселеници ги напуштале бугарско-македонските клубови и пристапиле кон самостојно политичко организирање врз македонска национална основа.

Почетокот на создавањето на независно македонско движење означува нова етапа во политичкото организирање и дејствување на македонското иселништво во Аргентина и пошироко во Јужна Америка.

* *
*

Од претходно изложеното може да се констатира дека иселувањето на Македонци во Аргентина започнало кон крајот на минатиот а поголеми размери добило во првите неколку децении на овој век. Македонските доселеници се групирале во поголемите центри на Аргентина. Нивното политичко организирање и дејствување започнало во средината на првата деценија на XX век. Првото македонско политичко друштво било формирано во 1907 година, во Буенос Аирес, со цел да ја помага ослободителната борба на македонскиот народ и за давање на непосредна помош на македонските политички затвореници во земјата. Во годините потоа биле формирани повеќе други македонски организации и друштва.

Дел од македонските доселеници, прокомунистички определени, пристапиле на аргентинското работничко и комунистичко движење.

Кон крајот на втората деценија на овој век дел од македонското иселништво со бугарски иселеници формирале бугарско-македонски работнички културно-просветни клубови а потоа и Сојуз на БМКПРК. По првите успеси започнал процесот на поларизација врз национална и социјална основа, пред сè поради се поизразениот стремеж на македонските иселништво во Аргентина за самостојно организирање врз македонска национална основа. Тој процес бил попречуван со најразлични средства и притисоци од страна на големобугарски, инструираниот дел од бугарското иселништво, кое настојувало

---

[104] „Българо-македонски Емигрант“ – Буенос Аирес.

[105] Хр. Гоневски, Българският периодичен печат .., с. 39.

да се наметне како водечки фактор, а со сестрана подршка од бугарската држава преку бугарскиот конзулат во Буенос Аирес.

Сепак, и покрај сето тоа, надворешниот фактор не го спречил самостојното политичко организирање на македонското иселништво врз македонска национална основа; формирањето на македонски независни групи во Аргентина и нивното поврзување во општото Македонско независно движење во Америка.

Mihaylo MINOSKI

THE POLITICAL ORGANIZATION AND ACTIVITY OF THE MACEDONIAN EMIGRANTS IN ARGENTINA UP TO 1932

S u m m a r y

The emigration of the Macedonians to Argentina began by the end of the XIX century. It grew on a massive scale in the first decades of the XX century, especially after the Ilinden Uprising, the Balkan Wars and the First World War. The Macedonian immigrants were grouped in the larger centres of Australia. Their political organization and activity began in the middle of the first decade of the XX century. The first Macedonian political association named Macedonian – Edrine Brotherhood was created in Buenos Aires in 1907. Its aim was to help the liberation war of its people in the fatherland and to give material aid to the Macedonian political prisoners in Macedonia. In the years to follow many other Macedonian organizations and associations were created.